**ЗАПИСНИК**

Од осмата седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 23.09.2024 г. (понеделник) во 17:00 на онлајн платформата Zoom. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Саша Тофоска, Калина Георгиева, Бојана Бурческа, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска и Анастасија Кипариз Крстеска, Ивона Тодорова, Лина Рангелова и Сара Мишева.
Отсутни: Лука Стојаноски, Петар Китанчев, Тамара Кунцулова, Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Катерина Антовска, Димитрија Настески.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Дневен ред на осма седница на ФСС;
2. Избор на членови во УСС;
3. Избор на член во Списание „Став“;
4. Одземање на мандат на член на ННС;
5. Став во врска со новите давачки на Правен факултет „Јустинијан Први“;
6. Активности и
7. Разно.

**ТОЧКА 1. Утврдување на дневен ред на осма седница на ФСС**

Претседателот извести дека седницата е свикана поради итни мерки и записникот од претходната седница ќе се утврди на деветтата седница. Покрај тоа, за оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Избор на членови во УСС**

ФСС по повод изборот на членови во УСС, имаше претходно изработен интерен повик до претставниците. На истиот повик, утврдени беа две кандидатури, и тоа: Ивона Тодорова, прв циклус – правни студии и Кире Јованов, втор циклус – уставно право и политички систем. Претседателот извести дека досегашните членови немаат намера да се рекандидираат и констатираше уредност во нивните пријави и предложи да се премине на гласање. Се гласаше за двата кандидати посебно и двајцата беа изгласани со едногласна поддршка.

**ТОЧКА 3. Избор на член во Списание „Став“**

За оваа точка, претседателот пренесе дека Сара Мишева, претставник на ФСС во Став, се повлекува од функцијата. За нејзина замена го предложи Петар Китанчев и ги

изложи причините за истата номинација, кои одат по линија на квалитетите и афинитетите на кандидатот. Кандидатот беше едногласно поддржан.

**ТОЧКА 4. Одземање на мандат на член на ННС**

Претседателот ги извести присутните дека по известување на генералниот секретар на факултетот, бројот на професори во ННС се има намалено и оттука, согласно начелото на десетпроцентна застапеност на студентите во ННС, се намалува претставништвото на студентите за еден член. Беше отворена дискусија за тоа дали некој своеволно сака да го отстапи местото. За тоа се пријави Бурческа, која се повика на преголем број обврски и дека би сакала да го отстапи местото на некој што би бил во можност да ги следи одговорностите од истото. Николовска сметаше дека постои простор некој друг да го отстапи местото, а не Бурческа, имајќи предвид функцијата – генерален секретар на ФСС. Сепак, позициите останаа исти и едногласно беше утврден одземениот мандат на Бојана Бурческа како член на Наставно-научниот совет на Правен факултет „Јустинијан Први“.

**ТОЧКА 5. Став во врска со новите давачки на факултетот**

За оваа точка, беа поканети и сите координатори на факултет, од кои присуствуваа: Ива Павлова, Дора Смилевска, Матеа Несторова. Се разговараше за зголемените давачки на факултетот. Од страна на претседателот и студентскиот правобранител беше изложено дека текот на развојот на настаните и потсети дека ФСС активно е дел и ги следи сите процеси. На тоа се јави Тофоска која истакна дека е сосема нерационално секогаш студентите да го носат товарот за неадекватниот пристап кон финансирањето. Бурческа ги пренесе мислењата од својата група кои го критикуваат пристапот на факултетот и извести дека се запознаени со работењето на ФСС по повод оваа тема. И Ива Павлова ги пренесе мислењата од својата група кои одат по оваа линија. Дора истакна дека кај апсолвентската група, студентите бараат дополнителна испитна сесија. И претседателот и правобранителот се изјаснија дека барањето на дополнителна сесија, имајќи предвид дека правен има три испитни сесии, со три казнени сесии и имајќи предвид дека Правен е еден од факултетите со најмногу испитни сесии на УКИМ, а најмалку предмети во компарација со др. факултети, е тешко за добивање, бидејќи Деканатот е запознаен со околината, од еден аспект, и од легален аспект, неможно е за изведување поради веќе донесената одлука за студирање и годишниот календар на активности. Но се соопшти дека ќе се разговара за следната година иако веројатноста е ниска. По долгата дискусија, сите се согласија на: соопштување на ФСС во врска со новите давачки и неговиот допринес, изготвување на работна група која ќе ги следи трошоците во која ќе членуваат и надворешни членови, изготвување на координаторска група за подобра комуникација меѓу студентите.

**ТОЧКА 6. Активности**

По повод оваа точка, не се разви дискусија.

**ТОЧКА 7. Разно**

По повод оваа точка, не се разви дискусија.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 19:15.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Данило Крстовски